Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTESISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0102-193/1
15-08-2019 год.-viti
СКОПЈЕ / ШКУП

**Република Северна Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија**

**пред Европскиот суд за човекови права**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2020-2022 ГОДИНА

Август , 2019

## 1. ВОВЕД

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (Бирото), како орган на државната управа во состав на Министерството за правда, изготви Стратешки план за периодот 2020-2022 година.

Стратешкиот план на Бирото, дава јасен преглед на неговите основни карактеристики, надлежности и специфичности утврдени со Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права. Преку овој документ се дава посебен осврт на постигнатите резултати од 2017, 2018 и првата половина од 2019 година, кои Бирото подетално ги презентира во своите Годишни извештаи и Годишните извештаи за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП. Истовремено, преку овој стратешки план се презентирани приоритетите и целите на Бирото кои според својата природа се од континуиран карактер.

## 2. МИСИЈА

*Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права ги застапува државните интереси на Република Северна Македонија во сите постапки пред Европскиот суд за човекови права и Комитетот на министри во процесот на надзор над извршувањето на одлуките на ЕСЧП.*

## 3. ВИЗИЈА

*Квалитетна одбрана на државата во постапките пред ЕСЧП и Комитетот на министри.*

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕСЧП

Со Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права (*Службен весник на РМ, бр. 67 од 29.05.2009 година)* и Законот за измена и дополнување на Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права *(Сл. Весник на Р. Македонија, бр.43 од 04.03.2014 година)* се уредуваат застапувањето, постапувањето и заштитата на интересите на државата пред Европскиот суд за човекови права, надлежноста, овластувањата, организацијата и раководењето со Бирото, како и други прашања кои се однесуваат на застапувањето и постапувањето на државата пред Европскиот суд за човекови права.

Бирото ги врши следниве работи:

- Ја претставува Република Северна Македонија во постапките пред Судот во случаите кога Република Северна Македонија е странка во споровите пред Судот;
- Обезбедува соработка на органите на Република Северна Македонија со Судот и со другите органи на Советот на Европа, по прашањата кои се однесуваат на застапување на Република Северна Македонија пред Судот;
- Подготвува одбрана и непосредно ја застапува Република Северна Македонија во постапките пред Судот;
- По предметите по кои постапува посредува во контактите на Судот со домашните судови и државните органи;
- По предметите по кои постапува, комуницира и презема дејствија за извршувањето на пресудите на Судот, кои се однесуваат на заштитата на човековите права во рамките на Советот на Европа;
- Врши увид во судските и управните предмети, како и во секоја друга документација на државните органи, согласно со закон;
- Ракува со класифицирани информации согласно со прописите за класифицирани информации;
- По предметите по кои постапува прибавува информации, објаснувања и мислења од домашните судови и државните органи, во име на Владата;
- Склучува спогодби за пријателско решавање на предметите пред Судот;
- Во име на Владата изјавува еднострана декларација;
- Врши постојана анализа на пресудите и праксата на Судот по однос на заштитата на човековите права и слободи загарантирани со Европската конвенција за заштита

на човековите права и основните слободи и за тоа ги известува домашните судови и државните органи;

- Изготвува препораки за можни постапувања на домашните судови и државните органи заради извршување на одлуките на Судот во случај на констатирана повреда на Конвенцијата од страна на домашните судови и државни органи;
- Се грижи за обезбедување на усогласеност на домашното законодавство со стандардите на Конвенцијата и праксата на Судот;
- Го следи остварувањето на обврските на домашните судови и државни органи кои произлегуваат од одлуките на Судот при констатирани повреди на Конвенцијата од страна на домашните судови и државни органи;
- Ја информира Владата за текот на постапките кои се водат против Република Северна Македонија пред Судот;
- За извршувањето на пресудите донесени од Судот, во координација со Министерството за надворешни работи, доставува информации до Комитетот на министри при Советот на Европа, за преземените мерки од Република Северна Македонија;
- Учествува во работата на состаноците на Комитетот на министри кога се разгледуваат преземените мерки за извршување на пресудите на Судот од страна на Република Северна Македонија;
- По потреба на Владата и предлага формирање на стручни тимови за подготовка на одбраната и застапувањето на Република Северна Македонија во постапките пред Судот;
- Соработува со Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици, во постојаната едукација на судиите, јавните обвинители, адвокатите и другите правни професии, заради извршување на пресудите и примена на праксата на Судот како извор на право и
- врши и други работи утврдени со закон.

Согласно Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (Сл. Весник на Р. Македонија бр.67/09 од 29.05.2009 година) и Законот за изменување на законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.43 од 04.03.2014 година) Бирото е задолжено да ги врши стручните и административните работи на Меѓуресорската комисија формирана за целите на следење на извршувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права, донесени по предметите против државата. Комуникацијата со Комитетот на министри, кој на ниво на Совет на Европа е задолжен за надзор над извршувањето на пресудите и одлуките на

ЕСЧП, остана резервирана за Бирото, во чија надлежност, меѓудругото е не само организација, подготовка и поддршка на работата на Меѓуресорската комисија, туку и изготвувањето на акционите планови и извештаи и нивно доставување до Комитетот на министри.

## 5. СТРУКТУРА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕСЧП

Бирото, согласно актуелниот Правилник за систематизација на работните места, е организирано во три сектори и шест одделенија.

Во продолжение е даден **органограм** на Бирото:




## 6. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕСЧП

Бирото е орган на државната управа во состав на Министерството за правда кое ги застапува интересите на Република Северна Македонија во постапките пред ЕСЧП, врши координација на извршувањето на одлуките и пресудите на ЕСЧП од страна на државата во соработка со Комтетот на Министри при Советот на Европа во постапката за надзор над извршувањето на одлуките и пресудите на ЕСЧП.

Квалитетната и ефикасна работа на Бирото зависи и се потпира на ефикасната и квалитетна соработка со домашните институции (судовите, обвинителството, органите на државната управа, но и останатите институции во државата) на чие сторување или несторување се во фокусот на поднесените жалби против државата пред ЕСЧП. Дополнително, соработката со останатите институции во системот на државата е и клуч за

брзо и ефикасно извршување на одлуките на ЕСЧП, особено од аспект на преземање на сите активности во насока на извршување на одлуките, што зависи од природата и причините за констатираната повреда на ЕКЧП во секој поединечен случај.

Бројот на поднесени жалби против РСМ пред ЕСЧП е голем и бројот на жалби и сложеноста на предметите е во постојан раст. За очекување е ваквиот тренд да продолжи и понатаму имајќи предвид дека сè повеќе субјекти бараат меѓународно правна заштита на своите основни слободи и права од причина што таквата заштита не можат ефикасно да ја остварат во Република Северна Македонија, иако државата е примарно одговорна за пружање на таквата заштита.

Правните ставови кои ЕСЧП ги изнесува во пресудите и одлуките на ЕСЧП го унапредуваат правниот поредок и управната и судската пракса во државата и укажуваат на областите кои треба да се хармонизираат со одредбите на ЕКЧП. Во тој процес Бирото е врската помеѓу државата и нејзините институции и ЕСЧП, а во постапката за надзор над извршувањето на одлуките и пресудите на ЕСЧП, Бирото е врската помеѓу државата и нејзините институции и Комитетот на министри при Советот на Европа.

## 7. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година ЕСЧП постапувал по вкупно 296 жалби во однос на Република Македонија, од кои 286 биле прогласени за недопуштени или тргнати од листата на предмети.

На одговор до државата во истиот период беа доставени **59** предмети.

Во истиот период, од страна на ЕСЧП, беа донесени вкупно **8 пресуди** против државата, со кои беа констатирани повреди на ЕКЧП и **15 одлуки**.

Во текот на 2017 година Меѓуресорската комисија одржа една седница на 25.10.2017 година на која беа разгледувани мерките за извршување на вкупно 7 пресуди донесени од страна на ЕСЧП, а кои произлегуваат од жалби поднесени до Судот против државата.

Според статистиката во текот на 2017 година, пред Комитетот на министри за надзор над извршувањето се пристигнати вкупно 11 предмети против РМ. Три предмети од оваа група се класифицирани во групата на „водечки предмети“.

Во текот на 2017 година Комитетот на министри донесе финални резолуции за вкупно 25 предмети, од кои осум финални резолуции се однесуваат на 8 пресуди против РМ.

Во текот на 2017 година Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП достави 10-тина акциони планови/извештаи за поединечни или група на пресуди кои во процесот на извршување поради правни или фактички сличности се споени.

На крајот од 2017 година пред Комитетот на министри под надзор на следење на процесот на извршување останале вкупно 52 предмети против РМ, од кои 25 се водечки случаи, а останатите се вбројуваат во групата на „клонирани" (повторувачки) и изолирани случаи.

Бирото, 2017 година ја започна со 7 вработени во редовен работен однос во стручната служба од кои 4 правници вработени на неопределено време, 2 правници вработени на определено време чиј работен однос престана во март 2017 и еден архивар вработен на неопределено време. Во текот на јули 2017 на еден од државните службеници во редовен работен однос на неопределено време (правник) на негово барање му престана работниот однос, а на 25 јули 2017, единствениот раководен службеник во Бирото е именуван од страна на Владата на Република Македонија за В.Д. Директор на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права. Така Бирото, 2017 година ја заврши само со 3-ца вработени во стручната служба, 2-ца правници на неопределено време и еден архивар. Ваквата состојба продолжи се до март 2018 кога во Бирото беа вработени уште 2-ца правници на опредлено време.

Во меѓувреме, Европската Комисија во последниот Годишен извештај за напредокот на државата уште еднаш го потенцираше недостатокот на човечки капацитети во Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, потенцирајќи ја неговата улога во процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП.

## 8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година ЕСЧП постапувал по вкупно 278 жалби во однос на Република Македонија, од кои 263 биле прогласени за недопуштени или тргнати од листата на предмети.

На одговор до државата во истиот период беа доставени **36** предмети.

Во истиот период, од страна на ЕСЧП, беа донесени вкупно **12 пресуди** против државата, со кои беа констатирани повреди на ЕКЧП и **24 одлуки**.

Во текот на 2018 година Меѓуресорската комисија одржа три седници на 28 март 2018 година, 20 септември 2018 година и 24 декември 2018 година, на кои беа разгледувани мерките за извршување на вкупно 24 пресуди донесени од страна на ЕСЧП, а кои произлегуваат од апликации поднесени до Судот против државата.

Според статистиката, во текот на 2018 година, пред Комитетот на министри за надзор над извршувањето се пристигнати вкупно 23 предмети против државата од кои пет се класифицирани во групата на „водечки предмети".

Во текот на 2018 година Комитетот на министри донесе 19 финални резолуции во однос на 23 предмети, од кои 15 се однесуваат на предмети завршени со пресуда на ЕСЧП, а останатите се однесуваат на предмети завршени со одлуки донесени врз основа на пријателско спогодување.

Во текот на 2018 година Бирото поднесе 14 акциони планови/извештаи, за 18 предмети.

На крајот од 2018 година пред Комитетот на министри под надзор на следење на процесот на извршување останале вкупно 52 предмети против државата, од кои 20 се водечки случаи, а останатите се вбројуваат во групата на „клонирани" (повторувачки) и изолирани случаи.

Бирото, 2018 година ја започна со 3-ца вработени во стручната служба, 2-ца правници на неопределено време и еден архивар. Ваквата состојба продолжи се до март 2018 кога во Бирото беа вработени уште 2-ца правници на опредлено време. Во текот на истата година, дополнително беа реализирани уште две вработувања на правници на определено време. На 6 септември 2018 година на државниот службеник на неопределено време со звање архивар му престанува работниот однос на негово барање. Така, Бирото, 2018 година ја заврши со вкупно 6 вработени правници. Овој број е еднаков на бројот на вкупно вработени лица во Бирото. Сите 6 вработени се со стаус на помлади соработници. Во текот на 2018 година Бирото за застапување направи обид за пополнување на едно место на раководител на одделение на определено време, но огласот на кој се пријавија само тројца кандидати беше поништен. Во кабинетот на Претседателот на Владата има еден надворешен

соработник – советник за соработка на Претседателот на Владата со Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП.

Во меѓувреме, Европската Комисија во последниот Годишен извештај за напредокот на државата уште еднаш го потенцираше недостатокот на човечки капацитети во Бирото, потенцирајќи ја неговата улога во процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП.

## 9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2019 ГОДИНА[1]

Во текот на 2019 година, заклучно со крајот на јули 2019 година, ЕСЧП до државата на одговор достави вкупно **13** жалби.

Во истиот период, ЕСЧП постапувајќи по предмети иницирани против државата, во периодот до јули 2019 година, донесе вкупно **9** пресуди, со кои беа констатирани повреди на ЕКЧП и вкупно **9** одлуки, од кои:

- 7 одлуки за недопуштеност на жалбите;
- 2 одлуки по еднострани декларации.

Заклучно со крајот на јули 2019 година, Бирото изготви повеќе од 10 акциони планови/извештаи, од кои 9 се официјално објавени.

Бирото, 2019 година ја започна со 6 вработени правници со статус помлади соработници, од кои само 2-ца правници се вработени на неопределено време. Во кабинетот на Претседателот на Владата има еден надворешен соработник-советник за соработка на Претседателот на Владата со Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

Во текот на месец јули, Бирото изврши промена на актите за внатрешна организација и систематизација, согласно кои во Бирото се систематизирани 3 сектори и 6 одделенија. По промената на актите за внатрешна организација и систематизација, заклучно со јули 2019 нема промена во бројката на вработени во Бирото.

---

[1]

## 10. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕСЧП

- Застапување на интересите на Република Северна Македонија во постапките пред Европскиот суд за човекови права. Бирото за застапување ќе цели кон квалитетна одбрана на државата во постапките пред ЕСЧП, со што ќе допринесе за поквалитетни одлуки на ЕСЧП;

- Застапување на интересите на Република Северна Македонија пред Комитетот на министри во однос на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП. Ефиксана координација на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП ќе биде еден од врвните приоритети на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП. Ефикасното и брзо извршување на одлуките на ЕСЧП на национално ниво придонесува кон намалување на бројот на жалби пред ЕСЧП против државата, а кон истата цел допринесува и усогласувањето на домашното законодавтсво, јавните политики и на управната и судската пракса, со стандардите на ЕКЧП;

- Подигнување на јавната свест за ЕКЧП и работата на ЕСЧП;

- Зајакнување на човечките капацитети на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е тесно специјализиран орган на државата кој секојдневно ги брани државните интереси пред ЕСЧП како меѓународен суд и има дополнителни надлежности. Единствено силно Биро за застапувње на РСМ пред ЕСЧП кое оптимлано ќе ги обезбеди условите за остварување на задачите на застапување на државните интереси (првенствено преку обезбедување на доволно кадровски капацитети кои располагаат со потребното стручно и специфично знаење и искуство) како и позиционирањето на Бирото за застапување на РсМ пред ЕСЧП во внатрешниот правен систем на начин кој обезбедува и овозможува реално остварување на негови надлежности во сите сфери на дејствување за кој е основан, ќе доведе до намалување на бројот на предмети пред ЕСЧП против РСМ, а на тој начин и до поголемо почитување и поквалитетна заштита на човековите права во државата и конечно до заштеда во државниот Буџет.

## 11. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

| | |
|---|---|
| ПРИОРИТЕТ БР.1 | ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕНА МАКЕДОНИЈА ВО СЛУЧАИТЕ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |

| АКТИВНОСТ | МЕРИЛО ЗА ОСТВАРЕН РЕЗУЛТАТ | РОК ИЛИ ДИНАМИКА | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|
| ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРАВНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ДРЖАВАТА ВО ПОСТАПКИТЕ ПРОТИВ ДРЖАВАТА ПРЕД ЕСЧП | НАВРЕМЕНА ПОДГОТОВКА НА ОДБРАНА И ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРОИЗНЕСУВАЊА, ВО ПОСТАПКИТЕ ПРОТИВ ДРЖАВАТА ПРЕД ЕСЧП; | КОНТИНУИРАНО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022г. | БУЏЕТ НА БИРОТО |
| | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА БИРОТО СО ОСТАНАТИТЕ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ НА ЧИИ СТОРУВАЊА ОДНОСНО НЕСТОРУВАЊА СЕ ОДНЕСУВААТ ЖАЛБИТЕ ПРОТИВ ДРЖАВАТА ПРЕД ЕСЧП; | | |

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТ БР.2** | **ЗАСТАПУВАЊА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА РСМ ПРЕД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ОДНОС НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СЛУЧАИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |

| **АКТИВНОСТ** | **МЕРИЛО ЗА ОСТВАРЕН РЕЗУЛТАТ** | **РОК ИЛИ ДИНАМИКА** | **ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ** |
|---|---|---|---|
| КООРДИНАЦИЈА НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ/ОДЛУКИТЕ НА ЕСЧП ПРОТИВ ДРЖАВАТА | РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СОСТАНОЦИ НА МЕЃУРЕСОРСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЦЕЛИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП ПРОТИВ ДРЖАВАТА; | КОНТИНУИРАНО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022г. | БУЏЕТ НА БИРОТО |
| | НАВРЕМЕНА ПОДГОТОВКА НА АКЦИОНИ ПЛАНОВИ/ИЗВЕШТАИ ВО ВРСКА СО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ И ОДЛУКИТЕ НА ЕСЧП ПРОТИВ ДРЖАВАТА И НИВНО ДОСТАВУВАЊЕ ДО КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА; | | |
| | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА БИРОТО СО ОСТАНАТИТЕ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ОД КОИ СЕ ОЧЕКУВА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП ПРОТИВ ДРЖАВАТА; | | |

| ПРИОРИТЕТ БР.3 | ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И РАБОТАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
|---|---|

| АКТИВНОСТ | МЕРИЛО ЗА ОСТВАРЕН РЕЗУЛТАТ | РОК ИЛИ ДИНАМИКА | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|
| ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ТРИТЕ ГРАНКИ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ (ЗАКОНОДАВНА, ИЗВРШНА И СУДСКА) ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРИМЕНА НА КОНВЕНЦИСКИТЕ СТАНДАРДИ И ПРАКСАТА НА ЕСЧП | ЗГОЛЕМЕНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЧП И ПОТРЕБАТА ОД ПРИМЕНА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА; | КОНТИНУИРАНО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022г. | БУЏЕТ НА БИРОТО |
| | ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА АКТИВНОСТИ НАСОЧЕНИ КОН ЕДУКАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ЗА ЕКЧП И СУДСКАТА ПРАКСА НА ЕСЧП; | | |

| ПРИОРИТЕТ БР.4 | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕСЧП |
|---|---|

| АКТИВНОСТ | МЕРИЛО ЗА ОСТВАРЕН РЕЗУЛТАТ | РОК ИЛИ ДИНАМИКА | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|
| СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО НАДОГРАДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО БИРОТО И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ ВРАБОТЕНИТЕ ВО БИРОТО; | КОНТИНУИРАНО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022г. | БУЏЕТ НА БИРОТО |
| | ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО БИРОТО; | | |

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

**В.Д. Директор на Бирото за застапување**
**на РСМ пред ЕСЧП – Владин Агент**
**м-р Даница Џонова**